## МИНАТО ВРЕМЕ- ИКТ

**1.**Во дадениот текст пронајди ги глаголите и замени ги со глаголи во минато време. Потоа потцртај ги глаголите со користење на соодветната алатка U.

## ПРИЈАТЕЛСТВО

Јумбо е голем слон. Живее во зоолошка градина,иако неговиот татко живее слободно во Африка.

Секој ден кај Јумбо доаѓа еден мачор.Се вртка и шета околу неговите нозе. Слонот честопати го крева високо и го става на својот грб. Така изгледа нивното пријателство.

Едно палаво дете го плаши мачорот. Тој бега и се крие зад ногата на слонот и се спасува. Палавото дете се чуди. И се плаши од слонот .Слонот и мачорот се вистински пријатели.

**2.** Во табелата менувај го глаголот **патува** во минато време по лице и број.

| **еднина** | **множина** |
|---|---|
| 1л. | 1л. |
| 2л. | 2л. |
| 3л. | 3л. |

**3.** Препиши ги дадените реченици така што глаголите од сегашно време ќе ги преообразиш во минато време.

**а)** Горан и Драгана се возат со ролери.

**б)** Димитар оди на роденден кај Петар.

### Самооценување на учениците.

| Препознавам глаголи во минато време | Ги менувам глаголите во минато време по лице и број | Менувам глаголскои дејство од сегашно во минато време и обратно |
|---|---|---|
| | | |

**Копирај** го симболот кој одговара на твоите знаења за минато време

**Легенда**: самостојно со потсетување со голема помош



